# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 25 мај 1987
Скопје
Број 21 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 100 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**394.**

Врз основа на точка 11 2, став 8 од Резолуцијата за политиката на остварување на Општествениот план на СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година во 1987 година („Службен весник на СРМ“ бр. 45/86) и дел VIII, под Б, точка (3) од Програмата на мерки и активности за економско-финансиска консолидација на стопанството и банките во СР Македонија, а во врска со член 393, точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 19 мај 1987 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА ОБЕМОТ, НАМЕНИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАЈНИ ИЗВОРИ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст средствата на Фондот на Федерацијата) што СР Македонија во 1987 година ќе ги оствари врз основа на задолжителен заем, 30% ќе се користат за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружениот труд

За трајни извори на обртни средства се насочува и вкупниот износ на средствата што Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, ги наплатува од организациите на здружениот труд по основ на ануитетите од средствата на Фондот на Федерацијата за 1987 година (репласман)

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се насочат:

— 20% на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта,

— 60% за обезбедување трајни извори на обртни средства на организации на здружениот труд со верифицирани програми за економско-финансиска консолидација,

— 15% за обезбедување трајни извори на обртни средства на други организации на здружениот труд од индустријата и земјоделството и на организации кои остваруваат нови инвестициони програми, а за кои согласно Општествениот план на СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година се насочуваат средства од Фондот на Федерацијата по основ на задолжителен заем за основни средства; и

— 5% на организациите на здружениот труд за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди.

Член 3

Намените на средствата од член 2, алинеја 1 на оваа одлука, со посебен акт, поблиску ќе ги утврди Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта.

Член 4

Средствата од член 2, алинеја 3 од оваа одлука, Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, врз селективна основа ќе ги насочи

— во индустријата и тоа во металопреработувачката дејност, машиноградбата, производството на сообраќајни средства, производството на електрични машини и апарати, производството на хемикалии за земјоделство, производството на лекови и фармацевтски хемикалии, производството на добиточна храна и во организациите на здружениот труд кои остваруваат наменско производство,

— во земјоделството и тоа во полјоделството (освен производството на зеленчук и призводството на цвеќе и украсни растенија) и во сточарството (овчарството и говедарството)

Член 5

Износот на кредитот од средствата на Фондот на Федерацијата ќе изнесува до 15% од необезбедените обртни средства со трајни и долгорочни извори, односно од потребните обртни средства за новите инвестициони програми на организациите на здружениот труд

Износот на кредитот од став 1 на овој член ќе изнесува до 20% кога е наменет за обезбедување трајни извори на обртни средства во полјоделството и сточарството

Износот на кредитот од став 1 и 2 на овој член може да изнесува и до 25% од необезбедените обртни средства со трајни и долгорочни извори доколку е наменет кај организациите на здружениот труд со верифицирани програми за економско-финансиска консолидација и за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди.

Банките ќе одобруваат кредити од средствата на Фондот на Федерацијата за трајни обртни средства доколку на организациите на здружениот труд им обезбедат и најмалку ист обем на кредити од своите долгорочни средства што ќе ги следат пласманите од Фондот на Федерацијата.

Член 6

При одобрување на кредит од средствата на Фондот на Федерацијата, по одделни корисници од член 2, алинеи 2, 3 и 4 на оваа одлука, Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, ќе поаѓа особено од критериумите со кои се обезбедува.

(1) зголемување на производството кое позначајно придонесува за обезбедување стоковни фондови за извоз и на извозот, како и производство на храна;

(2) зголемување на продуктивното вработување, особено со воведување на повеќе смени, скратување на работното време и сл ,

(3) зголемување на производството и на реалниот доход по вработен и по ангажирани средства, и

(4) повисок коефициент на вртење на обртните средства.

Член 7

Кредитите од средствата на Фондот на Федерацијата за обезбедување трајни извори на обртни средства ќе им се одобруваат на крајните корисници во согласност со оваа одлука, а според поблиските услови што ќе ги утврди Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

Член 8

Банките не можат да даваат кредити за трајни обртни средства од средствата на Фондот на Федерацијата на организациите на здружениот труд кои ги зголемуваат залихите на готови производи и стоки заради создавање вештачки недостиг на пазарот и кои при формирањето на цените користат монополска положба, не се придржуваат кон прописите за мерките за непосредна контрола или не доставуваат известувања за цените согласно прописите со кои се уредува системот на општествената контрола на цените

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр 23-973/1 — Претседател
19 мај 1987 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**395.**

Врз основа на член 3, став 2 од Законот за привремена забрана на располагањето со општествени средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен весник на СРМ", бр. 17/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА И ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВА ШТО МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1987 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат корисниците на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година, за рамките на износот од 8 215 милиони динари и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| ЗДРАВСТВО | | (во динари) |
| 1. | Здравствен дом — с. Новаци — Битола | 13.000.000 |
| 2. | Здравствен дом — Македонски Брод | 26.000 000 |
| 3. | Градска аптека — Галенска лабораторија — Скопје | 7.000 000 |
| 4 | Завод за медицина на труд — Скопје | 50.000 000 |
| 5 | Клиника за детски болести — Скопје | 33 000.000 |
| 6. | Клиника за кардиологија — Скопје | 32 000 000 |
| 7. | Здравствен дом — Пехчево — Берово | 20.000.000 |
| 8. | Здравствен дом — с. Митрашинци Берово | 2 000 000 |
| 9 | Амбуланта — с. Нивичани — Кочани | 5.700.000 |
| 10 | Клиника за хируршки болести со ортопедија — Скопје | 750.260 000 |
| 11. | Медицински факултет (за просторно уредување и инфраструктурно поврзување во клиничкиот блок) — Скопје | 50.000.000 |
| 12 | Медицински центар „Борис Канчевски" — Гостивар | 40.000 000 |
| 13 | Школски и детски диспанзер — Крива Паланка | 50.000.000 |
| 14 | Медицински центар — Прилеп („Галенска лабораторија") | 20 000 000 |
| 15 | Медицински центар — Дебар | 15 000 000 |
| 16 | Здравствени станици во с. Оршани и Десово — Прилеп | 15 000.000 |
| 17 | Наставно научни институти — Институт за фармакологија — Скопје | 23.540.000 |
| 18. | Амбуланта — с. Џепиште — Дебар | 5.000.000 |
| 19. | Здравствен дом с. Жировница и Скудриње — Гостивар | 12.000.000 |
| 20. | Амбуланта — с. Полаки — Кочани | 15.000.000 |
| 21. | Амбуланта — с. Опате — Куманово | 8 000.000 |
| 22. | Амбуланта — с Подгорци — Струга | 7.500.000 |
| 23. | Амбуланта — с. Три Чешми — Штип | 5 000.000 |
| 24 | Амбуланта — с. Móждивњак — Крива Паланка | 15 000 000 |
| 25. | Медицински центар — Струмица | 50 000 000 |
| 26 | Републичка СИЗ за здравство (за реализација на Програмата за набавка на опрема) | 100.000 000 |
| | Вкупно · | 1 370.000 000 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | | |
| 1. | Основно училиште — с. Ломница — Гостивар | 5 000.000 |
| 2. | Основно училиште — с. Липково — Куманово | 1 300.000 |
| 3. | Основно училиште — населба „Јане Сандански", училиште „Видое Смилевски — Бато" — Скопје | 30.000.000 |
| 4. | Основно училиште „Црниче" — Скопје | 19.000 000 |
| 5. | Основно училиште — с. Удово — — Валандово | 6 000 000 |
| 6. | Основно училиште — с. Марвинци — Валандово | 6 400 000 |
| 7. | Основно училиште — с. Јосифово — Валандово | 11.000 000 |
| 8. | Основно училиште — с Калково — Валандово | 2 000 000 |
| 9. | Основно училиште — с. Градец — Гостивар | 50 000.000 |
| 10. | Основно училиште — с. Врбјани — Гостивар | 10 500 000 |
| 11. | Основно училиште — с. Џепиште — Дебар | 32.000 000 |
| 12. | Основно училиште — с. Романовце — Куманово | 10.000.000 |
| 13. | Основно училиште — н. Точила — Прилеп | 80.000.000 |
| 14. | Основно училиште — с. Ињево — Радовиш | 45.000.000 |
| 15. | Основно училиште — с. Конче — Радовиш | 20.700.000 |
| 16 | Основно училиште — с. Драслајца — Струга | 19 000.000 |
| 17. | Основно училиште — с. Иловица — Струмица | 22 500.000 |
| 18. | Основно училиште — с Муртино — Струмица | 5.000.000 |
| 19. | Основно училиште — с Ново Село — Скопје | 35 000 000 |
| 20. | Основно училиште — с. Лаки — Виница | 5 000 000 |
| 21. | Основно училиште „Братство Единство" — Гостивар | 80 000.000 |
| 22. | Основно училиште — Дебар | 150 000.000 |
| 23. | Основно училиште — Делчево | 57 000 000 |
| 24. | Основно училиште — Седма станбена заедница — Тетово | 66 000 000 |
| 25. | Основно училиште „Славчо Стојменски" — Виница | 22.000.000 |
| 26. | Основно училиште — с Јанковец — Ресен | 20 000 000 |
| 27. | Одморалиште за просветни работници — Берово | 35 000.000 |
| 28. | Основно училиште „Н Вапцаров" — Струмица | 17 000.000 |
| 29. | Основно училиште — с. Миравци — Гевгелија | 74 000.000 |
| 30. | Основно училиште — Нов Дојран — Гевгелија | 35.000.000 |
| 31. | Основно училиште — с Форино — Гостивар | 50.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 32. | Основно училиште — с. Вруток — Гостивар | 56 250 000 |
| 33. | Основно училиште — с Дуф — Гостивар | 15 600.000 |
| 34. | Основно училиште — с. Сопот — Кавадарци | 10 000 000 |
| 35. | Основно училиште — с. Србјани — Кичево | 15 000 000 |
| 36. | Основно училиште — с. Туин — Кичево | 50 000 000 |
| 37. | Основно училиште — с Небојани — Кочани | 10 000.000 |
| 38. | Основно училиште — с Облешево — Кочани | 20.000.000 |
| 39. | Основно училиште — с. Подлог — Кочани | 10 000.000 |
| 40. | Основно училиште — с. Опае — Куманово | 5 000.000 |
| 41. | Основно училиште — с. Рача — Охрид | 20 000 000 |
| 42. | Основно училиште — с. Долно Татеши — Струга | 35.000 000 |
| 43. | Основно училиште — с Баница — Струмица | 25.000 000 |
| 44. | Основно училиште — с. Седларци — Струмица | 5.000 000 |
| 45. | Основно училиште — с. Н. Маала — Струмица | 30 000.000 |
| 46. | Основно училиште — с. Градско — Т. Велес | 30 000.000 |
| 47. | Основно училиште — с Парналија — Штип | 10 000 000 |
| 48. | Основно училиште — с Стење — — Ресен | 16 000.000 |
| 49. | Основно училиште — с. Лавце — Тетово | 10 000.000 |
| 50. | Основно училиште — Кичево | 30.000.000 |
| 51. | Основно училиште Крсте Мисирков — Куманово | 23 000.000 |
| 52. | Основно училиште — Ново Лисиче — Скопје | 190 000 000 |
| 53. | Основно училиште — Битола | 100.000 000 |
| 54. | Основно училиште — Македонски Брод | 20.000.000 |
| 55. | Основно училиште — Палиград — Скопје | 30.000 000 |
| 56. | Основно училиште — с. Марино — Скопје | 83.000.000 |
| 57. | Основно училиште „25 Мај“ — Скопје | 50.000 000 |
| 58 | Основно училиште — с Ташмаруништа — Струга | 5 000.000 |
| 59. | Основно училиште — с. Пештани — Охрид | 8.750.000 |
| 60. | Основно училиште „25 Мај“ — с. Ново Село — Струмица | 6.000.000 |
| 61. | Републичка СИЗ за предучилишно и основно образование и општествена заштита на децата (за реализација на Програмата за набавка на опрема) | 100.000.000 |
| 62. | Училиштен центар за средно насочено образование „Ѓошо Викентиев“ — Кочани | 50 000.000 |
| 63. | Училиштен центар за средно насочено образование „Ристо Ристески — Ричко“ — Прилеп | 120 000 000 |
| 64. | Училиштен центар за средно насочено образование — Тетово | 100 000 000 |
| 65. | Машински факултет — Скопје | 40 000.000 |
| 66. | Училиштен центар за средно насочено образование „Мирко Милески“ — Кичево | 50 000 000 |
| 67. | Училиштен центар за средно насочено образование — Демир Хисар | 50 000 000 |
| 68. | Ученички дом — Струмица | 10 000 000 |
| 69 | Студентски центар „Скопје“ — Скопје | 60 000 000 |
| 70. | Студентски дом — Битола | 20.000.000 |
| 71. | Републичка заедница на насоченото образование (за реализација на Програмата за набавка на опрема) | 100 000 000 |
| | Вкупно: | 2 640 000.000 |

КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Дом на културата — Берово | 26 000.000 |
| 2. | Историски архив — Прилеп | 80 000.000 |
| 3. | Историски архив — Титов Велес | 38.000 000 |
| 4 | Дом на техника — Берово | 4 000.000 |
| 5. | Дом на културата — с Слепче — Демир Хисар | 10.000 000 |
| 6. | Дом на културата — Македонски Брод | 20 000.000 |
| 7. | Библиотека — нас. „Јане Сандански“ — Скопје | 25 000 000 |
| 8. | РТВ — Скопје | 300.000 000 |
| 9. | Републички завод за заштита на спомениците на културата | 50.000 000 |
| 10. | Дом на културата „25-ти Мај“ — Македонски Брод (за еднокиловатен среднобранов предавател) | 30 000 000 |
| | Вкупно: | 583 000 000 |

ФИЗИЧКА КУЛТУРА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Спортски центар — Кавадарци | 2.000 000 |
| 2. | Фискултурна сала — Кичево | 25.000.000 |
| 3. | Основно училиште — Пробиштип (фискултурна сала) | 10 000 000 |
| 4. | Отворен пливачки базен — Делчево | 10.000 000 |
| 5. | Спортска сала — Радовиш | 10.000 000 |
| 6. | Училишна сала — Штип | 5.000.000 |
| | Вкупно: | 62.000 000 |

ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола (одморалиште „Пелистер“) | 34.000 000 |
| 2. | Детска градинка во Демир Капија — Неготино | 34.000.000 |
| 3. | Детска градинка „11 Октомври“ — Ресен | 20.000 000 |
| 4. | Детска градинка — Крива Паланка | 40 000 000 |
| 5. | Детска градинка — Кочани | 85 000 000 |
| 6. | Детска градинка — Свети Николе | 45.000 000 |
| 7. | Детска градинка — Македонска Каменица | 42 000 000 |
| 8. | Детска градинка — Кавадарци | 34 000 000 |
| 9. | Детска градинка — Ново Лисиче — Скопје | 74 000 000 |
| 10. | Детска градинка — Струмица | 29 000 000 |
| | Вкупно: | 437.000 000 |

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Специјален завод — Демир Капија — Неготино | 50 000.000 |
| 2. | Дом за хуманитарни цели — Кочани | 30 000.000 |
| 3. | Доградба на дом на пензионери — Берово | 33.000.000 |
| 4. | Дом на пензионери „Спиро Захов“ — Струмица | 40 000.000 |
| | Вкупно· | 153 000 000 |

ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Стопанска банка — Основна банка —Тетово | 20 000 000 |
| 2. | Стопанска банка — Основна банка — Кочани | 20.000 000 |
| 3. | Стопанска банка — Здружена банка — Скопје | 50 000 000 |
| 4. | Стопанска банка — Основна банка — Скопје | 78 000 000 |
| 5. | Стопанска банка — Основна банка — Пробиштип | 30 000 000 |
| 6 | Стопанска банка — Основна банка — Радовиш | 40 000 000 |
| 7 | Стопанска банка — Основна банка — Штип | 20 000 000 |
| 8 | Народна банка на Македонија | 300 000 000 |
| 9. | Служба на општественото книговодство на Македонија | 80.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | ЗОИЛ — Македонија — Струмица | 50 000 000 |
| 11. | Југобанка — Скопје | 40 000 000 |
| | Вкупно. | 728.000 000 |

ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Собрание на општина Крива Паланка | 30 000 000 |
| 2. | Собрание на општина Валандово | 40 000 000 |
| 3. | Републичка геодетска управа — Скопје | 212 000 000 |
| 4 | Македонска академија на науките и уметностите | 25 000 000 |
| 5. | Републички секретаријат за внатрешни работи (за реализација на Програмата на Службата за внатрешни работи) | 1 500 000 000 |
| 6 | Републички секретаријат за правосудство (за реализација на Програмата за инвестиции и опрема во правосудните органи и казнено поправните домови) | 200 000 000 |
| 7 | ЦК на СК Македонија | 20 000.000 |
| 8 | Самоуправна интересна заедница на становањето на град Скопје | 30 000 000 |
| 9 | Извршен совет на Собранието на СР Македонија — Управа за заеднички работи (за опремување на републички органи и организации) | 120 000 000 |
| 10 | Републички хидрометеоролошки завод — Скопје | 25 000 000 |
| 11. | Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието | 40.000 000 |
| | Вкупно. | 2.242 000.000 |

2 За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижат Републичкиот секретаријат за финансии и Службата на општественото книговодство.

3 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр 23-964/1 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с р.

**396.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина се назначува Ѓорѓи Симеонов, досегашен советник на претседателот на Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр 17-772/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с р

**397.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина се назначува Никола Србиновски, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-772/3 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с р.

**398.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

За потсекретар во Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина се назначува м-р Иван Димитровски, досегашен потсекретар во Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр. 17-773/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**399.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО РАБОТА НА ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

Милое Димовски, потсекретар во Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина, назначен на 9. II. 1984 година, продолжува со работа како потсекретар во Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр 17-773/3 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**400.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО РАБОТА НА ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

Антун Мославац, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за урбанизам и заштита на човековата околина, назначен на 9. II 1984 година, продолжува со работа како помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-773/4 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**401.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД**

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд се назначува Стојан Трајанов, досегашен советник на претседателот на Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-833/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**402.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД**

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за труд се назначува Милица Панева, досегашен советник во Работна заедница во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-833/3 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с р.

**403.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИИ**

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за информации се назначува Олга Пешева-Трчковска, досегашен самостоен советник во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17 846/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с р

**404.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИИ**

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за информации се назначува Благоја Нинески, досегашен самостоен советник во Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 17-847/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**405.**

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ВО СОСТАВ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

За директор на Републичката управа за водостопанство, во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се именува Славко Цоневски, досегашен помошник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр 17-874/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**406.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

За потсекретар во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува Ристо Крунтовски, досегашен помошник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 17-874/3 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**407.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се назначува Кирил Јанковски, досегашен републички инспектор за сточарство во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-874/4 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**408.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, се назначува Горјан Врљановски, досегашен самостоен советник за ОНО во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-874/5
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**409.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство се назначува Благоја Серафимовски, досегашен републички шумарски инспектор во Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-874/6
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**410.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА КУЛТУРА

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за култура се назначува Трајко Стојковски, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-897/2
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р.

**411.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВТОРНО ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За директор на Републичката управа за прашања на борците и воените инвалиди во Републичкиот комитет за здравство и социјална политика се именува Коста Петров, досегашен директор на Управата

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 17-890/2
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р

**412.**

Врз основа на член 90 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

За директор на Управата за заеднички работи во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија од 1 јуни 1987 година се именува Трифун Дуковски, досегашен в. д директор на Секторот за општествен стандард во СОЗТ „ОХИС“ — Скопје.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 17-1008/2
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**413.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи се назначува Миомир Ристовски, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 17 1014/2
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**414.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи се назначува д-р Петре Наковски, досегашен советник во Работна заедница во Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 17-1014/3
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р.

**415.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи се назначува Лилјана Наумова-Марчетиќ досегашен советник во Работна заедница во Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 17-1014/4
14 мај 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**416.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи се назначува Огнен Малески, досегашен советник во Работната заедница во Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1014/5 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**417.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи се назначува Лина Огненова, досегашен шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието на град Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1014/6 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с р.

**418.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И МАЛО СТОПАНСТВО

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство се назначува Тодор Пешевски, досегашен помошник на претседателот на Комитетот

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1084/1 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с р

**419.**

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И МАЛО СТОПАНСТВО

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство се назначува Никола Черепналковски, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1084/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**420.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД

Се разрешува од должноста помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд д-р Димко Миленков, поради заминување на друга должност, заклучно со 31 март 1987 година

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-1085/1 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**421.**

Врз основа на член 175 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОРИ ВО РЕПУБЛИЧКАТА ГЕОДЕТСКА УПРАВА

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија е согласен за републички инспектори во Републичката геодетска управа да бидат назначени:

1. Панде Трајков, за републички инспектор во Отсекот за техничко одржување на премерот и катастарот на недвижностите,

2. Боро Ристевски, за републички инспектор во Отсекот за техничко одржување на премерот и катастарот на недвижностите,

3. Кирил Галевски, за републички инспектор во Отсекот за одржување на премерот и катастарот на недвижностите и запишување на правата.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 17-809/2 Претседател
14 мај 1987 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Општинскиот суд во Прилеп покрената е постапка за докажување на изгубено свидетелство од страна на предлагачот Трајкоски Милан од с Мажучиште, поднесен против противникот — Основното училиште „Пере Тошев“ во с Десово, за завршено основно училиште во учебната 1943/44 година

Се повикуваат држателите на свидетелството, како и секое друго лице, да се јават при овој суд, за да дадат поподробни податоци за изгубеното свидетелство, да го известат судот за лицето кое го држи свидетелството или, пак, да стават приговор против водењето на оваа постапка, во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“

Во спротивно, изгубеното свидетелство ќе биде прогласено за уништено — загубено

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр 222/87.

## СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79 и 46/82), собранијата на општините Карпош и Центар — Скопје објавуваат дека ќе извршат

## ИЗБОР НА ТРОЈЦА СУДИИ НА ОПШТИНСКИОТ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Кандидатите за избор на судија треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење;

— да имаат положено правосуден испит и

— да имаат морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Заинтересираните кандидати, пријавите со потребните документи да ги доставуваат до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на општината Карпош во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на ова соопштение.

## СЛУЖБА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СР МАКЕДОНИЈА — ЦЕНТРАЛА ВО СКОПЈЕ

Согласно одредбите на членот 1 од Законот за привремена забрана со располагање на дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1987 година („Службен лист на СФРЈ“ бр. 12/87), Службата на општественото книговодство во СР Македонија издава

## ОБЈАВА

Порастот на остварениот споредлив доход во општественото стопанство на СР Македонија според периодичните пресметки за периодот јануари — март 1987 година изнесува 99,0%

## СОДРЖИНА

Страна

394. Одлука за обемот, намените и начинот на користење на дел од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за обезбедување трајни извори на обртни средства на организациите на здружениот труд во 1987 година — — 409
395. Одлука за утврдување на одделни корисници на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година — — — — — 410
396. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина — — — — — 412
397. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина — — — — — 412
398. Решение за назначување потсекретар во Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина — — — — — — — — — — 412
399 Решение за продолжување со работа на потсекретар во Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина — — — — — — 412
400. Решение за продолжување со работа на помошник на претседателот на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина — — 412
401. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд — — — — — — — — — — — 413
402. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за труд 413
403. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за информации — — — — — — — 413
404. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за информации — — — — — — — — 413
405. Решение за именување директор на Републичката управа за водостопанство во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — 413
406. Решение за назначување потсекретар во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — — — — 413
407. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство 413
408. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — — — — — — — — — — 413
409. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — 414
410. Решение за повторно назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за култура — — — — — — 414
411. Решение за повторно именување директор на Републичката управа за прашања на борците и воените инвалиди во Републичкиот комитет за здравство и социјална политика — — — — — — 414
412. Решение за именување директор на Управата за заеднички работи во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — 414
413. Решение за назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи — — — — — — 414
414. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи — — — — — 414
415. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи — — — — — — 414
416. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи — — — — — 415
417. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за меѓународни односи — — — — — — 415
418 Решение за повторно назначување помошник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство — — — — — — — 415
419 Решение за повторно назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство — — — — — — — — 415
420. Решение за разрешување од должноста помошник на претседателот на Републичкиот комитет за труд — — — — — 415
421. Решение за давање согласност за назначување републички инспектори во Републичката геодетска управа — — — — 415
**Објава** за порастот на остварениот споредлив доход во општественото стопанство на СР Македонија — — — — — — 416

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**